ПРОЕКТИ

# Почнува реконструкцијата на Чифте амам

Проектот за реконструкција на Чифте амам деновиве го разгледува Градскиот завод за заштита на спомениците на културата, кој е надгледувач на изведувачките работи што ќе ги изведува градежното претпријатие "Пелагонија". Според Викторија Васева-Димеска, директорка на Уметничката галерија Скопје, во чија надлежност е Чифте амамот, еден дел од просторот е веќе расчистен. Деновиве е формиран и надзорен орган, а за архитект-надзорник на работите е избрана Олга Чуланческа.

- Дел од амамот е веќе расчистен и може да се почне работа, но сепак ја чекаме ревизијата на комисијата. Сакаме сите работи да бидат во ред. Чуланческа има долгогодишно искуство. И порано ја консултиравме за некои работи во Галеријата. Комисијата соработува со екипа од Градскиот завод - рече Васева-Димеска.

За реконструкција на Чифте амамот, Министерството за култура додели 400.000 германски марки, а фирмите "Телеком" и "Електростопанство" донираа уште 200.000 ГМ. Објектот ќе служи како современ изложбен простор од околу 1.300 квадратни метри. Ќе се одржуваат изложби, перформанс, концерти и други активности. Се планира на тој простор да се организираат претстави, промоции и филмски проекции - активности што не се директно врзани со ликовната уметност.

(В.И.)

КОНЦЕРТ